РРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Б-Интегрирана еколошка дозвола

---

**Прехранбена индустрија**
**“КРИСТАЛ 1923” АД Велес**

со регистрирано седиште на
**ул.“Алексо Демниевски” бр.18**

**1400 Велес**

**Дозвола бр. 08-2022/13**

1 6 NOV 2021

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка дозвола ............................................................1

Содржина..............................................................................................2

Вовед....................................................................................................3

Дозвола...............................................................................................21

1 Инсталација за која се издава дозволата ..................................... 22

2 Работа на инсталацијата................................................................24
2.1 Техники на управување и контрола ..............................................24
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) .....................................................25
2.3 Ракување и складирање на отпадот.............................................29
2.4 Преработка и одлагање на отпад..................................................35
2.5 Спречување и контрола на хаварии ..............................................35
2.6 Бучава и вибрации.........................................................................37
2.7 Мониторинг....................................................................................38
2.8 Престанок со работа .....................................................................40
2.9 Инсталации со повеќе оператори ..................................................41

3 Документација................................................................................ 42

4 Редовни извештаи........................................................................... 44

5 Известувања.....................................................................................45

6 Емисии.............................................................................................47
6.1 Емисии во воздух...........................................................................47
6.2 Емисии во почва.............................................................................50
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)............51
6.4 Емисии во канализација ................................................................51
6.5 Емисии на топлина.........................................................................54
6.6 Емисии на бучава и вибрации.......................................................54

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води..................... 55

8 Програма за подобрување...............................................................56

9 Договор за промени во пишана форма...........................................59

Додаток 1..............................................................................................60

Додаток 2..............................................................................................61

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од Дозволата***

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава Интегрирана еколошка дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на РМ" бр. 89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

# Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Основна дејност на ПИ "КРИСТАЛ 1923" АД Велес е производство на растително масло за јадење, маргарин, таан и таан алва, локум, повеќе видови оцет, желе, мармалади, зачини и масни киселини.

Инсталацијата е изградена во 1923г., по втората светска војна работи како фабрика за масло "Благој Ѓорев", во 1999г. со проширување на асортиманот на производи работи како Прехранбена индустрија "Благој Ѓорев" АД Велес, која беше носител на Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 08-1228/2 од 13.03.2014г.

На 12 Јуни 2020г. со Одлука на Собрание на акционери, ПИ "Благој Ѓорев" АД Велес се преименува во Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес, со цел да се истакне долгогодишната историја на инсталацијата.

ПИ "КРИСТАЛ 1923" е лоцирана во градското подрачје, на улицата "Алексо Демниевски" согласно ИЛ 29 КО Велес издаден од Агенцијата за катастар на недвижности и е со вкупна површина (само на инсталацијата) од 17.836 $м^2$ .

На југ/југоисток се граничи со објектите на инсталацијата "Жито Вардар" и резиденцијални објекти преку улицата "АСНОМ". На југозапад се граничи со бензиска станица "Црна река", на север/северозапад со објекти на фабриката "Леов Компани" и група резиденцијални објекти, а на исток со машинската работилница на "Македонски железници".

Инсталацијата поседува сертификати за системите за управување со квалитет ISO 9001:2015 и системот за управување со квалитет на храна НАССР.

Диспозицијата на објектите на локацијата е прикажана на сликата подолу со легендата.

Производните процеси кои се реализираат во ПИ "КРИСТАЛ 1923" се следните:

-Преработка на маслодајни семиња (производство на сурово масло),

-Производство на рафинирано масло,

-Производство на маргарин,

-Производство на кондиторски производи,

-Производство на таан,

-Производство на таан алва,

-Производсдство на локум,

-Производство на желе и

-Производство на оцет.



| Бр. | Објект | Бр | Објект |
|---|---|---|---|
| 1 | Стара управна зграда | 14 | Припрема |
| 2 | Стара Фабрика | 15 | Преси |
| 3 | Маргаринско (старо) | 16 | Бункер за ќоспе |
| 4 | Чипс | 17 | Екстракција |
| 5 | Паковно | 18 | Точилна |
| 6 | Управна зграда и менза | 19 | Трафостаница |
| 7 | Технички магацин | 20 | Рафинерија |
| 8 | Дисконт и маркет (простор даден под наем) | 21 | Цистерни за сурово масло |
| 9 | Силоси за семе | 22 | Кипер платрформа |
| 9а | Силоси за ќоспе | 23 | Вага |
| 10 | Котларница | 24 | Станица за гориво |
| 11 | Машинска работилница | 25 | Станица за пречистување на вода |
| 12 | Јагода | 26 | Пумпна станица за вода |
| 13 | Мазутара | 27 | Стар магацин |

Слика 1. Диспозиција на погоните и опремата на локацијата со легенда

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



Процесот на производство започнува со прием на суровина – маслодајна култура (во моментот на изработка на оваа Дозвола се користи само сончогледовото семе) кое од местото на прием, преку транспортни траки се пренесува до рото-чистачи, а потоа во силоси. Вкупно се 28 силоси за складирање, секој со капацитет од 400 тони. Во силосите има поставено сонди за мерење на температурата и вентилатор за подобро проветрување (аерација), со цел регулирање на влажноста и температурата. Од тие причини силосите се полнат до 40-50% од нивниот номинален капацитет. Од последниот силос семето се упатува на лупење во специјални машини за разделување на срцевината од лушпата. Така разделената суровина оди на мелење во мелница со помош на водена пареа т.н процес на кондиционирање, заради омекнување на опната на клетката во која е сместено маслото, а потоа оди на пресување. Оваа постапка се изведува со помош на навојна преса “КРУПП”, каде со силно гмечење маслото се одделува од цврстата супстанца на семето и исцеденото масло се префрла во резервоар од 8м$^3$, кое се пумпа во резервоар-таложник за одделување на механички примеси. Така исчистеното масло се носи на филтрирање во филтри од тип “Нијагара” и се испумпува во 4 резервоари за сурово масло, секој со капацитет од 2500 тони. Цврстиот остаток од пресувањето (експелер) се транспортира во погон за екстракција за да се извади и остатокот од маслото.




Слика 2. Шематски приказ на процес на производство на сурово масло

Преку постапка на екстракција се врши извлекување на преостанатото масло од експелерот со помош на органски растворувачи. Во екстрактор, преку прскалки се врши оросување на експелерот со хексан кој врши растворање на маслото. Преку филтер маслото се одвојува на дното од корпата, кој се транспортира до десолвентизер за отстранување на вишокот хексан. Смесата од органски растворувач-хексан и масло (мисцела) се загрева во упарувач со водена пареа, па полесно испарливата фракција хексан испарува, а маслото се префрла во следен упарувач. Во третиот/последниот упарувач-стрипер се интензивира греењето и со тоа се обезбедува да нема заостанат хексан во маслото. Истата постапка е и за коспето од екстракторот затоа што и тоа содржи органски растворувач, кое откако ќе се исчисти се складира во силосите за коспе и понатаму се користи за сточна храна.

Гасната фаза од упарувачите и десолвентизерот се воведува во кондензатор каде со кондензација се добива смеса од вода и растворувач. Преку таложник се врши нивно одвојување. Лесната фаза растворувачот преку прелив се одделува во резервоар и повторно се користи во фазата на екстракција/оросување на експелерот. Потешката фаза од сепараторот (водата) го напушта системот како отпадна вода и поминува низ тростепен таложник (флотатор), а потоа се испушта во главен канал за отпадни води од ПИ "КРИСТАЛ" 1923. Некондензираните пареи се водат во Вент скрубер во кој се испираат со смеса од вода и заостанат растворувач и како такви се слеваат во водоодвојувач.

За прочистување со воздушна смеса се користи систем низ кој циркулира минерално масло (Сорбоцел апсорбер), при што хесанот од смесата се апсорбира во ладното минерално масло, а воздухот преку вентилатор излегува во атмосферата. Заробениот хексан со минералното масло се догрева и минералното масло ја губи апсорбиционата способност и од тука ослободениот хексан се води кон Вент скруберот, а минералното масло се лади и циркулира. Долго време Сорбоцел абсорберот не е во функција.

Во процесот на подготовка на Б-Интегрираната еколошка дозвола беше побарано и спроведено од страна на операторот мерење на емисија на хексан од испуст на Вент скрубер. Од мониторингот се констатира минимално присуство на хексан (во трагови) како извор на емисија во воздухот. Затоа операторот дополнително се изјасни дека е безпредметно да се враќа во функција Сорбоцел апсорберот.

Во 2018г. е набавена и инсталирана Ладилна кула за кондензација во процесот на екстракција. Со тоа Вардарската вода е заменета со бунарска омекната вода која циркулира во разладната кула и тоа допринесува до помал трошок за транспортирање на водата, зачување на опремата со користење на омекната вода, а не Вардарска, со тоа и помала потрошувачка на вода, бидејќи циркулира во процестот и само се дополнува, како и помали загуби низ цевките за транспорт на водата од река Вардар до погонот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС








| | |
|---|---|
| | Експелер |
| | Хексан |
| | Мисцела (масло и хексан, односно масло, хексан и вода) |
| | Пареи од хексан и вода |
| | Хексан и вода |
| | Водена пареа |
| | Сурово масло |
| | Минерално масло и хексан |
| | Минерално масло |

| Позиција | Опис |
|---|---|
| 17 | Екстрактор |
| 22 | Десолвентизер |
| 27 | Резервоар за мисцела |
| 28 | Втор испарувач |
| 29 | Прв испарувач |
| 30.1 | Вакуум кондензатор |
| 30.3 | Атмосферски кондензатор |
| 30.5 | Вент кондензатор |
| 33 | Трет испарувач |
| 35 | Парен контактор |
| 36 | Водоодвојувач |
| 37 | Стрипер |
| 42 | Сорбоцел адсорбер |
| 43 | Сорбоцел испарувач |
| 44.1 | Помошен кондензатор |
| 44.2 | Помошен кондензатор |

Слика 3 и 4. Шематски приказ на процесот екстракција со и без Сорбоцел апсорбер

На суровото масло му следи постапка на хемиска рафинација во која слободните масни киселини се редуцираат при нивна хемиска реакција со разреден раствор на натриум хидроксид т.н неутрализација при што се ослободува сапун. Издвоените сапуни се користат за производство на масни киселини во реактор и два декантера со автоматско работење. Оваа промена се забележува преку промена на бојата, при што настануваат две фази. Полесната фаза е масната киселина која се пере со жешка вода заради отстранување на солите и се носи во киселоотпорен реакционен сад кој се догрева и додава сулфурна киселина за да се изврши хидролиза, а преку киселотпорна прохром пумпа се носи во резервоар за масна киселина, па во канистри за продажба. Потешката водена фаза со непотребни материи се испушта во канал.

Дегумирање е прв степен на рафинација на маслото каде што преку процес на хидратација се врши одделување на фосфатидите присутни во маслото. Суровото масло отстојува во цистерна 21 ден во воден раствор од натриум сулфат и фосфорна киселина. Од дното на цистерната се одвојува мрсниот талог се до појава на чисто масло кое се праќа во цистерна за рафинирање, кој се загрева за да се одвои водената фаза, а обезводнетиот талог се враќа на преработка.

Следна постапка е неутрализацијата за отстранување на слободните масни киселини на помалку од 0,3% од суровото масло со помош на воден раствор на натриум хидроксид во центрифуга која служи како реактор и како сепаратор.

Материите со непријатен мирис и вкус се отстрануваат по пат на дестилација, во четиристепена полуавтоматска колона под висок вакум.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Во првиот степен маслото се грее, индиректно со водена пареа низ цевка, во вториот на ист начин, но се грее со термичко масло (Термекс масло) во термекс печка која како погонско гориво користи нафта, а во третиот се врши дестилацијата и во последната се врши ладење на маслото. На крај изладеното масло се собира во резервоари од 30 тона.




Слика 5. Процес на рафинирање на суровото масло

Следни постапки се Витеризација (отстранување на восок) при што маслото подлежи на фракциона кристализација и филтрирање со помош на инфузорска/дијатомејска земја на која се задржува и најмалата содржина на восок. Филтрираното масло се транспортира во резервоари за чисто масло и се пакува во ПЕТ амбалажа.

Во процесот на производство на маргарин се користат хидрирани растителни масти, рафинирано масло, додатоци, емулгатори, лецитин и вода, сите заедно се мешаат, а потоа смесата се лади и по пат на кристализација се формира маргарин. Ладењето се врши со испарување на амонијак во амонијачен ладилник.




Слика 6. Процес на производство на маргарин

Во процесот на производство на таан се користи сусам кој се накиснува во вода еден ден, а потоа влажниот сусам со ситно сеен песок се носи во лупачка. Излупеното семе се носи во базен со солен раствор, а со корпа се собира срцевината која плута на површината. Откако ќе се измие со вода, се пече, сее и меле. Сомелениот сусам е суровина за производство на алва или се продава како готов производ.




Слика 7. Процес на производство на таан

За производство на таан алва се меша Чуенов екстракт и шербет во дупликатор со интензивно мешање се добива бонбонска маса, на која се додаваат таан и ванила.




Слика 8. Процес на производство на таан алва

За производство на локум се вари раствор од шеќер и вода во дупликатор на кој му се додава лимонска киселина, нишесте и на крај јаткасто овошје, арома, а за процесот на производство на желе се користат вода, шеќер во прав и пектин. На крајот од варењето се додава боја и арома.




Слика 9. Процес на производство на локум и процес на производство на желе

Процесот на производство на оцет всушност претставува разредување на концентриран оцет со помош на дехлорирана вода. Процесот се врши во резервоари со чиста питка вода од градскиот водоснабдителен систем и алкохолниот оцет се подготвува како 9% раствор, а винскиот како 5%.




Слика 10. Процес на производство на оцет

Водоснабдувањето во ПИ "КРИСТАЛ 1923" се врши преку градскиот водоснабдителен систем, од бунари и реката Вардар. Водата од градскиот водоснабдителен систем се користи за производство на сите прехранбени производи, за чистење на погоните и за санитарни потреби, а бунарска вода се користи во котларата, во Погон рафинерија (за рафинирање на маслото и за перење на филтер платната). Водата од реката Вардар или т.н технолошка вода се користи во погоните екстракција и рафинерија. Месечната потрошувачка на вода од градскиот водоснабдителен систем е околу 4000 м$^3$, на бунарска вода 350 м$^3$ и вода од река Вардар 9000м$^3$.

Инсталацијата е во постапка на добивање на градежна дозвола за изградба на Нова рафинерија. Кога ќе се реализира проектот за замена на старата технологија со нова, во процесот на рафинирање на масло каде има потреба од вода за ладење на истиот, Вардарската вода ќе се замени со бунарска омекната вода која ќе циркулира во разладна кула.

ПИ "КРИСТАЛ 1923" се снабдува со електрична енергија преку дистрибутивната трафостаница 110/35/20/10 KV и трафостаниците ТС 10/04 "Стара" и ТС 10/04 "Нова" кои се наоѓаат во кругот на инсталацијата. Просечната годишна потрошувачка на електрична енергија изнесува 1.900.000 kwh.

За потребите на процесот на производство се користи органски растворувач хексан. Од причина што е можна појава на експлозивна смеса во воздухот, целата електрична опрема во погонот екстракција е со противексплозивна изведба или заштита.

Во ПИ "КРИСТАЛ 1923" изворите на емисија во воздух се категоризирани како извори од котловски постројки (А1), големи емитери (А2), мали емитери (А3), потенцијални емитери (А4) и дисперзни и фугитивни извори на емисија (А5).

Трите извори од котловски постројки се користат за производство на водена пареа за потребите во производство и од нив најчесто работи една постројка, две ретко, а три никогаш. Парниот котел ДБК 100 и БКГ 50 работат на мазут, а парниот котел БКГ 80 како енергенс користи сончогледови лушпи и пелети и тие се главни извори на емисија.

Помали извори на емисии во воздух се испустот од Вент скрубер и оддушоците на резервоарите за хексан и дизел, односно лесното масло за горење. Како потенцијални извори на емисии во воздух се: вентилациони отвори на силосите за семе и на силосите за коспе и сигурносната клапна на екстракторот. Фугитивни и дисперзни емисии во воздух се јавуваат од транспортери и пресипни места, отворени резервоари, мелници, процесите на вриење и уварување при подготовка на кондиторските производи и отворените прозори на објектите.

Отпадните води се јавуваат од технолошките процеси, како санитарни отпадни води и атмосферски води. Сите води од локацијата, канализирано се вливаат во канал за отпадни води кој завршува во реката Вардар. Каналот бил изграден за потребите на Топилницата за цинк и олово, а по нејзиното затворање тој е во надлежност на општината. Од процесот на производство постојат три приклучоци во главниот канал и тоа од Погон за подготовка и екстракција, од Погон за маргарин и од Погон за рафинација (од неутрализација, води од системот за вакуум и од третманот за масни киселини).

Најголем број извори на бучава во инсталацијата се во затворен простор, но има и такви кои се на отворено, системите за транспорт на семе и коспе, вентилаторите во котларницата и вентилаторите на силосите (само во сезона кога се врши откуп на семе и кога има надворешно високи температури).

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

Поради природата на технолошкиот процес, за чие производство се користат запаливи суровини и запаливи репроматеријали, а за пакување на готов производ се користат запаливи амбалажи и самиот производ е запалива материја, инсталацијата е во категорија на високо пожарно оптеретување. Опасностите се обработени во Постапка во случај на пожар со Оперативен план и мерки. Заради постоење ризик од хаварии изработен е План за спасување и евакуација, но истиот треба да се ажурира и доработи за опасности кои можат да настанат од пожар предизвикан од самозапалување во силосите, експлозија во кои е зголемена концентрација на хексан во гасна фаза, инцидентни истекувања на течности опасни по водениот свет. Исто така изготвени се детални Упатства за работа и детална Проценка на загрозеност, која исто така треба да се дополни и навремено ажурира.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | |
|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола<br>Дата на издавање |
| **Дозвола за усогласување со оперативен план** | **08-1228/2 од 13.03.2014г.** |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55, став 2, Глава 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за Интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и постапката за измена на Б-Интегрираната еколошка дозвола, по барање на носителот на дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

Органот надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко Барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животната средина и во согласност со член 12 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

## Одземање и престанок на Дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдени во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на РМ" бр. 112/14).

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Преглед на барани и доставени документи**

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-1228/2 | 13.03.2014 | Издадена е Дозвола за усогласување со оперативен план од Надлежен орган |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 28.05.2014 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Достава на Извештај за извршени активности во инсталацијата бр.18-116 | 09.09.2014 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Достава на Извештај од тестирање на емисии во воздух бр.18-116 | 10.11.2014 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 19.11.2014 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Достава на Извештај за извршени активности и моментална состојба бр.18-116 | 04.12.2014 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Достава на Извештај од тестирање на емисии во воздух бр.18-116 | 16.12.2014 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Барање за исправка на извештај бр. 18-116 | 05.01.2015 | Доставено е барањето до операторот |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 31.03.2015 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 02.11.2015 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Известување од овластен инспектор за животна средина во Општина Велес бр.18-56 | 24.12.2015 | Доставено е известување до операторот |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 29.12.2015 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |

| | | |
|---|---|---|
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-116 | 16.12.2016 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-56 | 05.10.2017 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-56 | 12.12.2017 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-65 | 29.12.2017 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-13 | 05.06.2018 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-25 | 12.12.2018 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-25 | 23.11.2018 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Достава на Извештај од тестирање на емисии во воздух бр.18-25 | 24.12.2018 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-4 | 01.03.2019 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Записник од извршен инспекциски надзор бр.18-25 | 06.03.2019 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Решение бр.18-4 | 08.03.2019 | Доставено е решението до операторот |
| Извештај од тестирање бр. 18-25 | 18.03.2019 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Известување бр. 18-4 | 05.04.2019 | Доставено известување до |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



| | | |
|---|---|---|
| | | овластен испектор за животна средина |
| Решение<br>бр. 18-25 | 08.05.2019 | Доставено е решението до операторот |
| Записник од извршен инспекциски надзор<br>бр.18-25 | 07.06.2019 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина |
| Достава на Извештај за извршени активности во инсталацијата<br>бр.18-13/1 | 10.09.2019 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Барање Дозвола за испуштање на отпадна вода<br>бр.18-14/1 | 04.10.2019 | Доставено е барање до Надлежен орган |
| Известување од Општина Велес<br>бр.08-4250/1 | 01.11.2019 | Известен е операторот/барателот по однос на негово барање |
| Доставено е известување и барање од операторот<br>бр. 08-4250/2 | 15.11.2019 | Доставени се известувањето и барањето до Надлежен орган |
| Доставена Дозвола за користење на вода за технички потреби<br>бр.23-1633/1 | 28.04.2020 | Доставена е Дозвола за користење на бунарска вода до Надлежен орган |
| Писмена белешка на службено лице од Надлежен орган<br>бр.23-2190/2 | 16.06.2020 | Од извршен увид |
| Допис-барање до ДИЖС<br>бр.23-2190/3 | 16.06.2020 | Дописот-барање од Надлежен орган е доставен е по електронски пат до ДИЖС |
| Известување од Надлежен орган<br>бр. 08-2190/4 | 17.06.2020 | Доставено е Известувањето до Надлежен орган |
| Известување од ДИЖС<br>бр.23-2190/6 | 26.06.2020 | Од извршен увид по барање на Надлежен орган |
| Достава на Извештај од тестирање на емисии во воздух<br>бр.23-2742/1 | 29.07.2020 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Записник од одржан состанок за исполнување на услови и мерки од Дозволата за усогласување со оперативен план и | 07.09.2020 | Извршен е увид во инсталацијата од страна на Одделението за заштита на животната средина, изготвен е |

| | | |
|---|---|---|
| започнување постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-2742/3 | | Записник и донесени се заклучоци по кои треба да постапи операторот |
| Известување од Општина Велес бр. 08-2742/4 | 30.09.2020 | За изготвување на Програма за управување со отпад |
| Извештај за новонастанати промени во инсталацијата бр.23-2742/5 | 16.11.2020 | Доставен Извештај за сите промени во инсталацијата заради започнување на постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола |
| Одлука бр.23-2742/6 | 18.11.2020 | Доставена е до Надлежен орган за назначено лице претставник на раководство за животна средина |
| Известување бр.23-2742/7 | 10.12.2020 | Доставено е до Надлежен орган за нова инсвестиција во инсталацијата |
| Известување бр.23-2742/8 | 15.12.2020 | Доставен е до Надлежниот орган Извештај од мерење на емисии во воздух |
| Известување бр.23-2742/9 | 16.12.2020 | Доставен е до Надлежен орган Записник за извршено инсталирање, тестирање и пуштање во употреба на опрема инсталирана во силоси за мерење на температура |
| Програма за управување со отпад бр.23-4893/1 | 23.12.2020 | Доставена до Надлежен орган |
| Лабораториски извештај од извршено мерење на емисии во воздух бр. 23-996/1 | 02.03.2021 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Технички извештај од извршен преглед и испитување пред ставање во употреба парен котел БКГ-50 бр.23-996/2 | 19.03.2021 | Доставен е извештај до Надлежен орган |
| Допис бр.23-996/3 | 31.03.2021 | Доставен е Допис во врска со резултати од претходно доставен извештај до |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

| | | |
|---|---|---|
| | | Надлежниот орган |
| Известување за реализација на Оперативен план согласно Дозволата за усогласување со оперативен план и Барање за Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.23-2022/1 | 14.05.2021 | Доставено е известувањето со пропратна документација до Надлежен орган. Доставено е Барањето до Надлежен орган за настанатите нови промени во инсталацијата во периодот на усогласување |
| Записник од работен состанок бр.23-2022/3 | 01.09.2021 | Одржан е работен состанок со претставник на ПИ КРИСТАЛ 1923 |
| Допис со документација бр.23-2022/4 | 28.09.2021 | Доставени се коментари со документација по однос на точките од Записник бр.23-2022/3 |
| Достава на документација бр. 23-2022/6 | 07.10.2021 | Доставен е Записник за примопредавање на горилник на ДБК - 100 со фотодокументација до Надлежен орган |
| Достава на документација бр. 23-2022/7 | 15.10.2021 | Доставена документација до Надлежен орган Корегиран Имотен лист, Елаборат технолошко-техничко решение за подобрување на кондензација на пареи во погон екстракција и Извештај од мерење на емисии на хексан од испуст на Вент скрубер |
| Нацрт – дозвола бр.08-2022/8 | 21.10.2021 | Објавена Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола на веб страната на општина Велес |
| Допис-достава на Нацрт Б-Интегирана еколошка дозвола до барателот/операторот бр.08-2022/9 | 21.10.2021 | Нацрт Б-Интегирана еколошка дозвола доставена до барателот/операторот за коментар/забелешки |
| Забелешки во врска со Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола 23-2022/10 | 29.10.2021 | Разгледани се забелешките од страна на Наделжен орган |

| | | |
|---|---|---|
| Записник од состанок во врска со забелешки по Нацрт Б-Интегирана еколошка дозвола | 04.11.2021 | Забелешките се прифатени од Надлежен орган |
| Налог-Годишен надоместок за поседување на Дозвола за усогласување со оперативен план за 2021г.<br>бр.08-2022/12 | 05.11.2021 | Доставен е налог за годишен надоместок до барателот/ операторот |
| Б-Интегрирана еколошка дозвола<br>бр. 08/2022/13 | | Одлучено позитивно. |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

## Бр. 08-2022/13

Градоначалникот на Општина Велес во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18), го овластува Операторот на инсталацијата –Извршен директор на

## Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес

со регистрирано седиште на

**ул. "Алексо Демниевски" бр. 18**
**1400 Велес**
**Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата: ЕМБС 4055306**

да раководи со Инсталацијата

**Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес**
**-Инсталација за производство на растително масло за јадење, маргарин, кондиторски производи (таан и таан алва, локум, желе, марамалди), оцет, зачини и масни кислеини**

**на ул. "Алексо Демниевски" бр. 18**
**Општина Велес**
**1400 Велес**

во рамките на Дозволата и условите во неа.

**Градоначалник**
**на Општина Велес**
**Марко Колев**

1 6 NOV 2021

# Услови

## 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| Табела 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2<br>6. Останати активности<br>6.3. (б) Обработка и преработка наменети за производство на храна од:<br>-Растителни суровини со капацитет на производство на готови производи од 30 до 300т/ден (просечна вредност на квартална основа) | Производство на растително масло за јадење, маргарин, кондиторски производи (таан и таан алва, локум, желе, мармалади), оцет, зачини и масни кислеини | - 100 т/ден готов производ |

1.1.2 Активностите наведени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажани во Табела 1.1.2.

1.1.3 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во оваа Дозвола, без писмено одобрение од Надлежниот орган.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Додаток<br>Локација на инсталацијата – имотен лист | КП 1159/3, КП 1159/1, КП 1160, КП 1161, КП 1165, КО Велес |




Слика 11. Сателитска снимка на инсталацијата

1.1.4 Носителот на Б-Интегрираната еколошка дозвола, операторот на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени во оваа Дозвола согласно пропишаните рокови од страна на Надлежниот орган и согласно Програмата за подобрување.

1.1.5 Сите мерки, планови и програми кои треба да се извршат според условите во Дозволата стануваат составен дел на оваа Дозвола.

1.1.6 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува, а емисиите ќе бидат така како што е наведено во оваа Дозвола.

1.1.7 Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето според Законот за животната средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.8 Оваа Дозвола е со важност од 7 години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата. Операторот е должен шест месеци пред планираниот престанок со работа писмено да го извести Надлежниот орган.

1.1.9 Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на Дозволата.

1.1.10 Операторот на инсталацијата е должен да плаќа Годишен надоместок за поседување на Б-Интегрирана еколошка дозвола. Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден во налог. Неплаќањето на надоместокот ќе претставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

2.1.2 Операторот е должен да ги спроведува пропишаните услови и мерки од оваа Дозвола.

2.1.3 Операторот не поседува сертифициран систем за управување со животната средина ISO 14000:2004, но е должен да изготви и усвои План за управување со животната средина како централен документ на Системот за управување со животната средина, кој ќе содржи сите компоненти на СУЖС како аспекти, краткорочни и долгорочни цели, планови за обука, известувања, медиум специфични планови итн. и истиот да го достави до Надлежен орган.

2.1.4 Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа Дозвола на соодветните вработени лица.

| **Табела 2.1.1 Управување и контрола** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Организиациска структура на управување во ПИ "КРИСТАЛ 1923" АД Велес со прилог шема | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Обука и квалификации | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Системи за намалување на емисии | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Калибрација и одржување | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Систем за управување со животната средина | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Сертификати за обука | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |
| Политика во однос на животната средина | Прилог III од Барањето | 14.05.2021г. |

2.1.5 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со инсталацијата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.6 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од одржување на обука на сите нивоа, теоретски и практични за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

2.1.7 Операторот во континуитет ќе организира програми за едукација на сите нивоа, особено доколку има промена во технологии или постапки за ракување со опасни материи. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за ревизија на управувањето со животната средина, со цел да се провери дали активностите за управувањето со животната средина се во согласност со Програмата за подобрување и дали тие се имплементираат ефикасно.

2.1.9 Операторот е должен да врши постојан мониторинг на опремата/системите за намалување на емисиите од инсталацијата и тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата; да изготвува и одржува процедура за комуникација со Надлежниот орган; да развива односи со јавноста за потранспарентно претставување на работењето на инсталацијата, за јавноста да добие информации во врска со влијанијата врз животната средина од работењето; да води грижа за намалување на влијанието врз животната средина преку добра производствена пракса.

2.1.10 Назначеното одговорно лице во врска со прашањата од животната средина во секое време од важноста на Дозволата ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата како и за исполнувањето на мерките утврдени во Програмата за подобрување во состав на оваа Дозвола.

2.1.11 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина ако тоа евентуално се случи.

2.1.12 Назначеното стручното лице - управител со отпад ќе ја врши својата надлежност утврдена согласно член 38 од Законот за управување со отпад.

2.1.13 Операторот преку назначеното лице – управител со отпад е должен да изготвува и редовно ја ажурира Програма за управување со отпад на секои три години, согласно член 21 став 1 и став 4 од Законот за управување со отпад и да ја доставува до Надлежниот орган.

2.1.14 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој извршува работа за која се однесуваат некои од условите и мерките во Дозволата.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.2.2 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за секоја промена на суровините кои ги користи надвор од оние кои се наведени во Табела 2.2.1.

2.2.3 Операторот ќе складира хемикали и опасни материи во количина еднаква или помала од количината наведена во Барањето во Табела 2. Помошни материјали и суровини во инсталацијата. За секоја значителна промена, Операторот е должен да го извести Надлежниот орган.

2.2.4 Ракувањето со суровините/материјалите посебно со хемикалиите и опасните материи ќе се извршува со најголемо можно внимание, според упатствата и препораките од производителот, упатството за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet) и ќе се почитуваат препораките од R и S фразите. За нив ќе се води евиденција во посебен регистер.

2.2.5 Операторот редовно ќе врши ажурирање на Регистарот од услов 2.2.4 за секоја хемикалија/опасна материја, а кој ќе биде постојано достапен на увид на Надлежен орган.

2.2.6 Операторот ќе ги чува суровините во посебни складишта/силоси/ резервоари или во покриени и затворени простории за чување, со соодветен температурен режим и релативна влажност, а во силосите покрај температурата и влажноста и во услови на ниски концентрации на јаглерод моноксид.

2.2.7 Течните хемкалии и опасни материи ќе се чуваат во засебна просторија за привремено складирање на хемикалии одделена од другите простории, со чести контроли особено на подлогата каде ќе се складираат хемикалиите и при појава на оштетување навремено ќе се санира истата.

2.2.8 Операторот ќе се грижи за интегритетот на сите резервоари, цистерни и складишта за складирање на хемикалии и опасни материи. Тој ќе презвземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања. За ова неодложно ќе го извести Надлежниот орган.

2.2.9 Ракувањето со опасни хемикалии ќе се врши исклучиво од страна на вработени лица кои имаат посетено обука за ракување со опасни материи, а упатствата и предупредувањата ќе ги истакне на видни места во погоните и просториите.

2.2.10 Хексанот ќе се чува согласно правилата за постапување со опасни материи, во подземни резервоари, осигурани од непредвидени и неконтролирани истекувања.

2.2.11 Сулфурната киселина ќе се чува во надземен резервоар со волумен од 20м$^3$ или во оригинална амбалажа, поставена на бетонски фундаменти, со заштитен базен/танквана, заради заштита од непредвидени и неконтролирани истекувања.

2.2.12 Фосфорната киселина ќе се чува во оригинална амбалажа, во посебен покриен простор за таа намена, заштитена од надворешни влијанија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



2.2.13 Натриум хидроксидот и инфузориската/дијатомејска земја ќе се складираат во натронски вреќи или ПВЦ вреќи наредени на палети добро затворени, во покриен простор за таа намена.

2.2.14 Термекс маслото ќе се складира во метални буриња од 200 литри, на бетонирана подога во посебен простор за таа намена.

2.2.15 Прехрамбените производи ќе се чуваат во магацин за готови производи, спакувани во соодветна амбалажа.

2.2.16 Мазутот ќе се чува во надземни резервоари со волумен од 500 тони поставени на бетонски фундаменти со заштитен базен/танквана и опремени со дренажен систем за заштита од неконтролирани и непредвидени истекувања.

2.2.17 Нафтата операторот ќе ја чува во подземни резервоари, поставени на армирани бетонски фундаменти, заштитени од неконтролирани и непредвидени истекувања.

2.2.18 Замена на моторно масло нема да се врши во границите на инсталацијата, туку ќе се врши на надворешна локација од страна на овластени сервис служби.

2.2.19 Преточувањето ќе се врши исклучиво на точно определени локации во соодветни резервоари преку соодветна и исправна опрема, обезбедени со соодветни противпожарни апарати и сл.

2.2.20 Сите резервоари е потребно да имаат обезбедено соодветни танквани кои можат да соберат 110% од волуменот на резервоарот за кој е создаден или 30% од вкупниот капацитет на резервоарите, доколку опслужува повеќе резервоари.

2.2.21 Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.

2.2.22 Операторот ќе поседува соодветен капацитет на опрема во магацинскиот простор и/или соодветни абсорпциски материјали кои ќе го задржат и апсорбираат било кое истекување во инсталацијата.

2.2.23 Растворите/смесите за потребите на производниот процес ќе се приготвуваат во потребните количини и непосредно пред нивната употреба за да се избегне можноста од нивно излевање или неискористување.

2.2.24 Снабдувањето на инсталацијата со техничко-технолошка вода во помал дел е преку бунари ЕБ1 и ЕБ2 за технолошки потреби, лоцирани на КП 1791 и КП 1285/1 КО Велес за кои Операторот ќе поседува важечка Дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, а должен е да врши нејзино обновување пред рокот на истекот на важност.

2.2.25 Операторот е должен строго да ги почитува условите за користење на бунарска вода наведени во Дозволата.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| **Главни суровини** | | |
| Сончогледово семе | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Соја во зрно | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Маслодајна репка | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сурово сончогледово масло | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Шеќер | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Соини масти (хидрогенизирани) | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Суров сусам | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Гликоза | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Нишесте | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Оцетна киселина | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Вински концентрат | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Јаболков концентрат | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сушен зеленчук | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Овошни каши | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Готварска сол | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Палмини масти | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Дијатомејска земја | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Глауберова сол $Na_2SO_4 \times 10H_2O$ | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Каустична сода NaOH | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| **Помошни материјали и суровини** | | |
| N-хексан (екстракциски хексан) | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Дизел гориво | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Мазут | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Нафта ЕЛ | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Индустриска вода | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Електрична енергија | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Фосфорна киселина-прехранбена | Барање | 28.10.2013 |
| $H_2SO_4$ (конц. техничка) | Барање | 28.10.2013 |
| Прашок за перење | Барање | 28.10.2013 |
| Термекс масло | Барање | 28.10.2013 |
| Сончогледови пелети | Барање | 28.10.2013 |
| **Готови производи** | | |
| Рафинирано сончогледово масло | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сите видови маргарин | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сите видови оцет | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Таан | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Таан алва | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сончогледово ќоспе | Барање | 28.10.2013 |
| Соино ќоспе | Барање | 28.10.2013 |
| Локум, желе бонбони | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Сушен зеленчук | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Овошни каши | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Зачин | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Масна киселина | Барање | 28.10.2013 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.3.2 Управувањето со отпадот операторот ќе го врши во насока на минимизирање, повторна употреба, рециклирање.

2.3.3 Отпадот ќе биде складиран во објекти кои што ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена, во границите на инсталацијата на утврдена локација за период до три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, односно за период до една година, доколку отпадот е наменет за отстранување.

2.3.4 Операторот ќе управува со отпадот согласно важечка Програма за управување со отпад изготвена за период од три години, изготвена согласно член 21 од Законот за управување со отпад.

2.3.5 Операторот согласно член 23 став 4 и став 5 од Законот за управување со отпадот е должен да поднесува Годишен извештај до Надлежниот орган и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за програмата од претходната година. Извештајот ќе ги содржи видот на отпадот, потеклото, создадените количини и начинот на постапување. Годишниот извештај за отпад ќе биде во согласност со важечка Програма за управување со отпад.

2.3.6 Ракувањето и складирањето на отпадот ќе се врши согласно подготвени писмени упатства во зависност од видот на отпадот. Упатствата ќе бидат поставени на видни места низ инсталацијата.

2.3.7 На просторот определен за складирање на отпад во границите на инсталацијата нема да се врши мешање на различни видови на отпад, а отпадот ќе биде складиран по видови.

2.3.8 Операторот е должен да се грижи за интегритетот на просторот каде е складиран отпадот по видови.

2.3.9 Операторот на видно место ќе постави ознаки за видот на отпадот на местото на складирање и специјални ознаки доколку се работи за опасен отпад.

2.3.10 За понатамошно постапување со посебните видови отпад наведени во Табела 2.3.1 надвор од границите на инсталацијата, Операторот е должен да поседува важечки договор со овластен постапувач со отпад за определениот вид на отпад.

2.3.11 Операторот е должен да води евиденција за секој вид на отпад во согласност со членот 39 од Законот за управување со отпадот, која ќе биде достапна за инспекција и од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. За предавањето на било кој вид на отпад на овластени постапувачи, Операторот е должен да поседува соодветен документ со кој се докажува предавањето на отпадот, идентификационен и транспортен формулар.

2.3.12 Операторот ќе обезбеди соодветно пакување на отпадот пред да се предаде на друго лице и ќе го означи согласно националните, европските и други важечки стандарди.

2.3.13 Во инсталацијата на работниот простор и стопанскиот двор нема да има растурање на било каков отпад. Операторот ќе врши редовно чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпад.

2.3.14 Милта (талогот) која ќе се создаде од таложникот при третманот на отпадните води, операторот е должен да ја собира во здрави челични буриња до исушување, по што ќе ја предаде на овластен оператор за постапување со неопасен отпад заради нејзино крајно депонирање.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Мешан комунален отпад | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од пакување од хартија и картон | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од пакување од пластика, најлон кеси, стреч фолија од пакување | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Опасен отпад (отпад од прехрамбено масло) | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од минерални нехлорирани отпадни хидраулични масла | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од течни горива (мазут) | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од искористени тонери | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Искористени гуми од возила | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпадни дрвени палети | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од железо | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од плех | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од алуминиум | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од електрична и електронска опрема | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Отпад од оштетени, неупотребливи пропиленски чаши за маргарин | Барање | 28.10.2013 |
| Отпад од материјали несоодветни за преработка | Барање | 28.10.2013 |
| Остатоци од индустриски процеси | Барање | 28.10.2013 |
| Остатоци од маснотија-остатоци од индустриски процеси | Барање | 28.10.2013 |
| Мешан отпад од етикети, траки, лепак, крпи за бришење, оштетена амбалажа | Барање | 28.10.2013 |
| Неупотреблив производ | Барање | 28.10.2013 |
| Вратени рекламирани, расходовани и производ со поминат рок | Барање | 28.10.2013 |
| Отпад од пакување што содржи остатоци или е загаден со опасни материи (празна стаклена амбалажа од хемикалии, ПП вреќи) | Барање | 28.10.2013 |
| Сталожена пепел, згура и прашина од парни котли | Барање | 28.10.2013 |
| Мешани материјали од градење и рушење | Барање | 28.10.2013 |

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација (моментална состојба)** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање/одведување** |
| Мешан комунален отпад | Во контејнери за комунален отпад | Контејнерите се поставени на повеќе места во кругот на инсталацијата | На бетонирана подлога, до превземање од страна на овластен оператор согласно условите поставени во важачки договор |
| Отпад од пакување од хартија и картон | Се собира, балира и во кафези со ознака "ХАРТИЈА" во секој погон | Во посебен простор во дворот за времено складирање на отпад за реупотреба на бетонирана подлога заштитена од надворешни влијанија | Од секој погон се носи во заеднички контејнер на бетонирана подлога, заштитен од надворешни влијанија до момент на предавање на овластена овластен постапувач за отпад од пакување врз основа на склучен договор |
| Отпад од пакување од пластика, најлон кеси, стреч фолија од пакување | Се собира, балира и во кафези со ознака "ПЛАСТИКА" во секој погон | Во посебен простор во дворот за времено складирање на отпад за реупотреба на бетонирана подлога заштитена од надворешни влијанија | На бетонска подлога, на простор заштитен од надворешни влијанија до момент на предавање на овластен постапувач за отпад од пакување врз основа на склучен договор |
| Опасен отпад (отпад од прехранбено масло) | Во садови за овој вид на отпад со назанка за опасен отпад | На непропусна подлога, заштитена од атмосферски влијанија | Се превзема врз основа на склучен важечки договор со овластен постапувач со отпадни масла |
| Минерални нехлорирани отпадни хидраулични масла | Во метални буриња со назанка за опасен отпад | На напропусна подлога заштитени од атмосферски влијанија | Се превзема врз основа на склучен важечки договор со овластен постапувач со отпадни масла |
| Отпад од течни горива (мазут) | Во садови за овој вид на отпад со назнака за опасен отпад | На непропусна подлога, заштитени од атмосферски влијанија | Се превзема врз основа на склучен важечки договор со овластен постапувач со отпадни масла |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

| | | | |
|---|---|---|---|
| Отпад од искористени тонери | Во садови за овој вид на отпад со назанка за вид на отпадот | На непропусна подлога, заштитени од атмосферски влијанија | Се превзема врз основа на склучен важечки договор со овластен постапувач |
| Искористени гуми од возила | Се собираат пред машинска работилница | Се собираат пред машинска работилница и во краток временски период се предаваат | Се предаваат на овластен постапувач со ваков вид на отпад, согласно условите од важечки договор |
| Отпад од дрвени палети | Во посебен простор во фабричкиот двор за времено складирање на отпад за реупотреба | На бетонска подлога заштитени од надворешни влијанија | Се продава |
| Отпад од метал (железо, плех, алуминиум) | Во садови за складирање на ваков вид на отпад | Во посебен простор во дворот за времено складирање на отпад за реупотреба, на бетонирана подлога заштитена од надворешни влијанија | Во случај на поголеми зафати металниот отпад се носи директно во склад за отпад, а помали количини се собираат во контејнер и се предаваат согласно условите поставени во важечки договор. |
| Отпад од електрична и електронска опрема | Се собираат и редат на дрвени палети | Во посебен простор во дворот за времено складирање на отпад за реупотреба на бетонирана подлога, заштитена од надворешни влијанија | На бетонска подлога, заштитени од надворешни влијанија до предавање на овластена оператор за постапување со електричен и електронски отпад, врз основа на склучен договор |
| Отпад од оштетени, неупотребливи пропиленски чаши за маргарин | Се собира, балира и времено се чува во кафези | Во посебен простор во дворот за времено складирање на отпад за реупотреба, на бетонирана подлога заштитена од надворешни влијанија | На бетонска подлога, заштитени од надворешни влијанија до предавање на овластен постапувач со отпад од пакување, врз основа на склучен договор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Отпад од материјали несоодветни за преработка | Во метален контејнер | Во метални контејнери поставени на одредени места во кругот на инсталацијата | Во метален контејнер до предавање на овластен оператор, согласно поставени услови во важечки договор |
| Остатоци од индустриски процеси - рафинерија | Во тростепен таложник од каде се праќа со ваккум пумпа во реактор | Флотатор | Се преработува во РО Рафинерија за производство на техничка масна киселина |
| Остатоци од маснотија-остатоци од индустриски процеси-маргаринско | Во тростепен таложник, па во здрави челични буриња | Флотатор | Се преработува во РО Рафинерија за производство на техничка масна киселина |
| Мешан отпад од етикети, траки, лепак, крпи за бришење, оштетена амбалажа | Во соодветен метален контејнер | Во металени контејнери поставени на утврдени места во кругот на инсталацијата | Во метален контејнер до собирање и транспортирање од страна на овластен оператор за комунален отпад |
| Неупотреблив производ | Во соодветни пластични садови | Во пластични садови во погонот за производство на кондиторски производи | Во метален контејнер до собирање и транспортирање од страна на овластен оператор за комунален отпад |
| Вратени рекламирани, расходовани и производ со поминат рок | Во магацин за вратена роба, се селектира за преработка или за отпад | Во магацин | Се преработува преку процес на производство на техничка масна киселина |
| Отпад од пакување што содржи остатоци или е загаден со опасни материи (празна стаклена амбалажа од хемикалии, ПП вреќи) | Во соодветни садови | Во метален контејнер | Во метален контејнер до собирање и транспортирање од страна на овластен оператор |
| Сталожена пепел, згура и прашина од парни котли | Во метален контејнер | Во метален контејнер | Во метален контејнер до собирање и транспортирање од страна на овластен оператор за индустриски неопасен отпад |
| Мешани материјали од | Времена локација во | Времена локација | Се превзема од изведувачот на |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВЕЛЕС

| | | | |
|---|---|---|---|
| градење и рушење | кругот на инсталацијата | | градежните активности |

### 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на инсталацијата ќе се врши само преработка на отпадот како што е наведено во табелата 2.4.1, а нема да се врши одлагање на отпад.

**Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Остатоци од индустриски процеси - рафинерија | Оваа Дозвола | / |
| Остатоци од маснотија-остатоци од индустриски процеси- маргаринско | Оваа Дозвола | / |
| Производи со поминат рок | Оваа Дозвола | / |

2.4.2 На производите кои се со поминат рок, како и остатоците од маснотија од производните процеси ќе се врши преработка во РО Рафинерија, односно ќе се реупотребуваат во процесот на производство на техничка масна киселина.

### 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

2.5.2 Операторот во рок од 6 месеци од денот на издавањето на оваа Дозвола е должен да изработи и достави до Налдежниот орган План за спречување и контрола на хаварии/несакани дејствија. Во планот ќе бидат содржани и обработени сите можни хаварии: пожар, експлозија, поплава, земјотрес, хаварии од складирање, ракување, одржување, излевање на опасни материи/хемикалии, горива кои се користат во инсталацијата, како и излевање на отпадна вода, а ќе предвиди и висок степен на заштита на луѓето и животната средина, вклучувајќи ги целокупните цели и принципи на дејствување на операторот заради управување со ризикот од хаварија.

2.5.3 Операторот е должен редовно да го следи и контролира присуството на хексан на начин кој ќе биде пропишан во посебен документ, дел од Планот за спречување и контрола на хаварии/несакани дејства.

2.5.4 Операторот е должен редовно да го следи и контролира процесот на преработка на сончоглед во погонот Екстракција, ќе се следи од страна на обучени лица со задолжително внимание во период на негова оперативност, редовно ќе се следи потрошувачката на хексан и функционалноста на Вент скруберот, заради безбедносни и сигурни причини.

2.5.5 Планот од точка 2.5.2 треба да ги содржи следниве елементи: Мапи и планови на инсталацијата/постројката, Листа на хемикалиите, суровините и отпадите со детали за местата на складирање, Улоги и одговорности, Организација и процедури на итно реагирање, Податоци за контакт со раководители во инсталацијата и итните служби, Алармните системи на локацијата, Комуникации, Листа со податоци за безбедноста од материјалите (Material Safety Data Sheet/MSDS) за хемикалиите складирани во рамките на инсталацијата, Листа и локација на опремата, Детали за контакт со службите за итни реагирања, како противпожарната служба и други релевантни институции.

2.5.6 Операторот е должен Планот за спречување и контрола на хаварии/несакани дејствија на секои 12 месеции да го разгледа, а задолжително на секои 5 години да го ажурира, сметајќи од денот на издавање на оваа Дозвола и да го достави до Надлежен орган.

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| План за евакуација и спасување | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Процена на загорзеност | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Упатства за работа | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| Техничко технолошки можности за заштита на потенцијални незгоди и вонредни состојби | Барање | 28.10.2013 |
| Спречување на несреќи и итно реагирање | Барање | 28.10.2013 |
| Можни пореметувања при процесно работење и планирање на мерки за заштита | Барање | 28.10.2013 |
| Превземени мерки за заштита на резервоарите од запаллива течност | Барање | 28.10.2013 |
| Превземени мерки за прием, преточување и складирање на запалливите течности | Барање | 28.10.2013 |
| Заштита од пожари | Барање | 28.10.2013 |
| Упатство на користење на хидранти и ПП апарати | Барање | 28.10.2013 |

2.5.7 Операторот е должен да назначи лице за безбедност и здравје при работа и спречување и контрола на несакани дејствија кое ќе биде одговорно за безбедно извршување на работните задачи, осигурување на безбедни работни места, ќе спроведува континуирана и навремена едукација на сите вработени на предметната инсталација.

2.5.8 За обезбедување на повисок степен на техничка сигурност и безбедно работење на инсталацијата, Операторот е должен да врши редовно следење на инсталираната опрема согласно законските обврски и препораките на производителот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

2.5.9 Операторот е должен редовно да врши прегледи, контроли и мерење онаму каде што има потреба на инсталирани технички системи низ инсталацијата, системот за третман на гасовите од вентилација, системот за отпрашување, системот за искористување/третман на отпадната вода, на танкваните односно резервоарите во кои се складираат киселините, горивата и други хемикалии кои по својата природа претставуваат опасни супстаници, на садовите под притисок, цевководите и сл.

2.5.10 Манипулацијата со суровините и помошните материјали (хемикалиите) ќе се извршува на соодветни места, заштитени од истекување.

2.5.11 Сите садови, садови под притисок, контејнери и буриња ќе бидат јасно означени со нивната содржина.

2.5.12 Во случај на несреќа/хаварија Операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата и
- Го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.5.13 Операторот е должен да достави предлог мерки и активности до Надлежниот орган во рок од еден месец од случената несреќа. Предлогот има за цел да идентификува и воспостави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата, идентификува и воспостави било какви други активности за санација.

2.5.14 Операторот е должен да води Дневник за склучени дефекти каде ќе ги запишува сите неправилности при работење на системите, опремата и машините, дефектите или евентуално нивен престанок со работа.

2.5.15 Операторот редовно ќе доставува Известување во врска со спроведувањето на Планот за спречување и контрола на хаварии/несакани дејствија заедно со Годишниот извештај за животна средина за претходната година најдоцна до 28ми февруари во тековната година.

2.5.16 Операторот е должен да поседува исправна противпожарна опрема (противпожарни апарати комплетно опремени хидранти и црева), како и соодветна ХТЗ опрема.

## 2.6 Бучава и вибрации

**2.6.1** Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во табела 2.6.1. од оваа Дозвола или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.7.1: Бучава и вибрации | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење | Известување со Барање | 14.05.2021 |

## 2.7 Мониторинг

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

2.7.2 Операторот ќе обезбеди:

- безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и
- безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

| Табела 2.7.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| **Мониторинг на главни извори на емисии во амбиентен воздух** | | |
| А1-1 Испуст од котел ДБК 100 | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| А1-1 Испуст од котел БКГ 80 | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| А1-2 Испуст од котел БКГ 50 | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| А1-3 Испуст од термогрејач со минерално масло во рафинерија –термопак 600У | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| **Мониторинг на отпадни води од емисиони точки (главни извори на емисии во вода)** | | |
| W-1 Испуст на отпадна вода од Погон за рафинерија и од Погон за маргарини | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| W-2 Испуст на отпадни води од котларница | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| W-3 Испуст на отпадна вода од Погон за подготовка и екстракција | Известување со Барање | 14.05.2021 |
| **Мониторинг на емисии на бучава** | | |
| ММ1, ММ2, ММ3 и ММ4 | Известување со Барање | 14.05.2021 |

2.7.3 За главните извори на емисии во воздух наведени во Табела 2.7.1 мониторингот ќе биде спроведен од страна на акредитирана лабораторија во услови на полна оперативност на инсталацијата и задоволителни временски услови.

ОПШТИНА ВЕЛЕС



2.7.4 Земањето примероци и анализите на емисии во вода ќе се изведува според стандардизирани методи утврдени во Правилник и тоа:

-Земањето и анализата на примероците на отпадна вода од емисиона точка за технолошка вода (W-1), ќе го врши исклучиво акредитирана лабораторија и согласно референтните методи на мерење утврдени во Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија на испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони, а

- Земањето на отпадна вода од емисиони точка W-2, W-3 од пооделните погони редовно ќе биде спроведуван интерен мониторинг во лабораторијата на инсталацијата.

- Мониторинг на емисии во амбиентен воздух преку анализа на гасови од испуст А1-1 од парен котел ДБК 100, испуст А1-1 од котел БКГ 80 и испуст А1-2 од котел БКГ 50, како и испустот А1-3 од термогреjач со минерално масло во рафинерија, ќе се врши од страна на акредитирана лабораторија согласно референтни методи.

- Операторот е должен редовно да врши и интерна контрола на гасовите од котловските постројки, постојано следење и запишување во дневник кој котел е во фукција во текот на едно денонoќие, редовно забележување на евентуални дефекти, промени и неправилности во работењето.




Слика 12. Локации на точките на мониторинг и земање примероци

2.7.5 Операторот е должен извештаите од мониторингот да ги доставува до Надлежниот орган во временскиот период наведен во услов 4.1.2 од оваа Дозвола.

2.7.6 Фреквенцијата, методите, обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа како што е наведено во оваа Дозвола може да се измени во согласност со Надлежен орган кој ја следи проценката на резултатите од извештаите.

## 2.8 Престанок со работа

2.8.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.8.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Известување со барање | 14.05.2021 |

2.8.2 Операторот три месеци пред датумот од планиран престанок со работа е должен да изготви и достави до Надлежниот орган нов План за запирање со работа и управување со резидуи (ПЗУР).

2.8.3 Операторот во целост ќе го почитува и спроведе утврдениот Планот за запирање со работа и управување со резидуи кој задолжително ќе содржи и План за ремедијација на земјиштето/локацијата.

2.8.4 Во случај на престанок со работа на инсталацијата, операторот ќе ги превземе следниве активности:

- Искористување на сите суровини, што подразбира навремена најава за престанок со активностите за да се овозможи еквивалентна залиха на материјали;
- Хемикалиите, опасните материи и отпадот кои ќе се затекнат на локацијата во време на престанокот со работа ќе бидат отстранети и предадени на овластен оператор, операторот кој ќе ги испразни и исчисти резервоарите и другите садови;
- Процесната опремата ќе биде исчистена, демонтирана и соодветно складирана до продажба, а ако не се најде купувач, отстранета или рециклирана преку соодветни овластени постапувачи;
- Зградите ќе бидат темелно исчистени пред напуштање;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

- Локацијата и објектите ќе бидат оставени во безбедна состојба и ќе се одржуваат соодветно ако се случи да бидат напуштени за подолг временски период;
- Објектите кои постојат на локацијата можат да се пренаменат откако ќе биде извршена демонтажа на опремата и чистење на просториите.

2.8.5 Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанок со работа на инсталацијата од страна на операторот ќе се врши согласно член 120 од Законот за животната средина.

2.8.6 Операторот е должен во рок од 12 месеци започнувајќи од денот на официјалниот престанок со работа да изврши ремедијација и да ги спроведе активностите за ремедијација согласно утврден План за запирање со работа и управување со резидуи.

2.8.7 Во рок од три месеци од извршување на Планот, Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган финален извештај за исполнување /комплетирање на Планот од точка 2.8.6.

## 2.9 Инсталации со повеќе оператори

2.9.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден оператор.

2.9.2 Оваа Дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата означени во табела 1.1.2 од оваа Дозвола.

# 3. Документација

3.1.1 Операторот на инсталацијата ќе води документација со податоци за:

а. Технолошкото работење на инсталацијата, односно поодделните погони и котларата преку записи водени и чувани во дневник;

б. Секоја неисправност, дефект или престанок на работа на постројката, опремата и техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка, инсталирање на нова опрема и други интервенции во производниот процес) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат водени и чувани во дневник за таа цел;

в. Целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

а. да бидат читливи;

б. да бидат направени што е можно побрзо;

в. да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад;
- Име на правно лице задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената Дозвола за постапување со отпад;
- Детали за крајна дестинација на одложување/рециклирање на отпадот и нејзина соодветност да го прифати упатениот отпад;
- Документ за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата;
- Состав на отпадот или онаму каде што не е можно, опис;
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад ("Сл. весник на РМ" бр. 100/05).

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



3.1.6 Операторот е должен за време на важноста на Дозволата и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со Дозволата, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во Интегрираната еколошка дозвола и да ги направи достапни по барање на надлежниот орган и инспекциските органи.

3.1.7 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид:

- Дозволите поврзани со инсталацијата;
- Записите од сите земања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг;
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.8 Операторот на инсталацијата за којашто се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник, а за таа цел ќе го извести Надлежниот орган во рок од 24 часа.

# 4. Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежен орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а. во однос на наведени емисиони точки;

б. за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в. давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели;

г. достава на извештај до Надлежниот орган: Годишен извештај заедно со Известување во врска со спроведувањето на Планот за спречување и контрола на хаварии/несакани дејствија во врска со оваа Дозвола - до 28 февруари во тековната година за извештај од претходната година;

д. достава на извештај до Надлежниот орган:

- за полугодишни извештаи од Додаток 2-10 (десет) дена од истекот на периодот за кој се известува утврден во оваа Дозвола;

- за кварталните извештаи неведени во табела Д 2 од Додаток 2 - до 15 дена по истекот на тромесечјето;

- за повеќегодишните извештаи наведени во табела Д 2 два месеца по истекот на крајниот рок за известување прецизиран во оваа Дозвола.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а. кога ќе забележи емисија која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола;

б. кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в. кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување и

г. било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Додаток 1 од оваа Дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Додаток 1 од оваа Дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Додаток, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

а. перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б. престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година и

в. повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а. било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

б. промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в. за активности кога Операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5 Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата која ќе биде читлива за лицата кои се надвор, со минимални димензии 1200 мм на 750 мм. На таблата јасно да бидат прикажани:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата,
- Нормалното работно време,
- Името на имателот на Дозволата,
- Телефон за контакт во итни случаи надвор од работното време,

- Референтен број на Дозволата и
- Каде може да се добијат информации за животната средина во врска со оваа инсталација.

5.1.6 Операторот ќе постави План на инсталацијата кој јасно ја идентификува локацијата на секој објект, складиште и истиот ќе биде поставен до влезот на објектот. Планот ќе биде истакнат на траен материјал, а ќе се менува доколку се направат суштински промени во инсталацијата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС



должен да ги превземе сите практични чекори за да се минимизира емисијата.

6.1.5 Во случај на неработење на поодделен главен извор на емисија од табела 6.1.1 во период подолг од една година, како и по реконструкција/репарација/ремонт на котлите и термогрејачот, операторот е должен да достави Технички извештај за исправноста, навремено да го извести Надлежениот орган за пуштање во употреба и најдоцна во рок од 10 дена од денот на повторното стартување со работа да изврши мониторинг на граничните вредности за емисии во воздух на испустот.

6.1.6 Доколку вредностите ги надминуваат граничните вредности утврдени во оваа Дозвола или доколку операторот се сомнева на емисии од испустот за потенцијално загадување на амбиентниот воздух, должен е да запре со употреба на котелот, веднаш да превземе мерки со кои ќе се изврши сведување на емисиите во рамките на ГВ. Само доколку измерените емисиите се во рамките на граничните вредности, предметниот котел повторно се старува со работа.

6.1.7 Операторот е должен да врши редовна контрола и регулирање на доводот на воздух во горилниците кој ги употребува и да ги сведе вредностите на емисиите на CO во рамките на граничните вредности.

6.1.8 Операторот континуирано ќе врши контрола, чистење и одржување на работата на котелот/котлите кои се во функција и ќе ги опреми со бренери со низок NOx, како и редовно ќе врши интервенции за штелување на горилниците.

6.1.9 При секоја операција на штелување и интервенции во горилникот, операторот е должен да ги заведе во Дневник воден за таа намена.

6.1.10 Операторот не смее да употребува котел во услови на дефект на било кој дел/опрема во состав на котелот.

6.1.11 Операторот ќе превземе мерки околу контрола на квалитетот на горивата.

6.1.12 Операторот редовно ќе го следи работењето на амонијачната станица и ќе превземе итни и неодложни мерки при проблеми или дефект, а кој може да предизвика неконтролирано истекување/испарување на амонијакот.

6.1.13 Со поставување на нова разладна кула работата на амонијачната станица ќе биде сведена на минимум.

6.1.14 При постапката на утовар на ќоспето од силосот преку цевка до транспортните средства за продажба, операторот е должен да превземе мерки и активности за спречување на емисиите на прашина во амбиентниот воздух при утовар на ќоспето, односно да спречи фугитивна емисија при оваа постапка која ќе влијае на околината.

6.1.15 Операторот е должен редовно да врши контрола на системот за третман на гасовите од вентилација (пумпи, контролни вентили и сл.) заради контролирано одведување на пареи.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почва од активности во инсталацијата.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одлагање за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот ќе врши редовно чистење на пристапните патишта, ќе врши соодветно складирање и транспортирање на суровини и помошни материјали, соодветно складирање на отпадот и нема да дозволи нивно растурање. Операторот особено ќе води грижа за чистотата и уреденоста на делот од дворот кон улицата АСНОМ и нема да дозволи било какво растурање во овој дел на дворот.

6.2.4 Операторот е должен уредениот двор да го одржува чист, нема да дозволи растурање на инертен отпад од рушење, поправки и слични активности.

6.2.5 Операторот е должен да се грижи за непропусноста, интегритетот и исполнетоста до 40-50% од номиналниот капацитет на следниве резервоари:

| Резервоар | Волумен на резервоар | Материјал на резервоар |
|---|---|---|
| Сурово масло | 1x 2500 тони<br>1x 2000 тони<br>1x 1000 тони<br>1x 250 тони<br>1x 500 тони<br>1x 250 тони<br>1x 25 тони | Метален |
| Технолошка вода (од бунар) | 1x250 тони | Метален |
| Хексан | 2x 25 тони | Подземни метални цистерни |
| Мазут | 2x 500 тони | Метален |
| Термекс масло | 200 литри | Метален |
| Екстра лесно масло | 2x 25 тони | Подземни метални цистерни |
| Дизел гориво | 1x 100 тони | Подземни метални цистерни |
| Масни киселини | 2x 100 тони<br>2x 30 тони | Метални |
| Сулфурна киселина | 20 $м^3$ | Пластичен |

### 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество $м^3$/год.** |
| Од инсталацијата нема директен испуст за отпадни води во река. Отпадните води се испуштаат во т.н. Топилничка канализација. | | |

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.3.1, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2. на точките на емисија и ...

Б-Интегрирана еколошка дозвола: Закон за животната средина
Инсталација за која се издава дозволата – Прехранбена индустрија "КРИСТАЛ 1923" АД Велес

# 6. Емисии

### 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа табела (според географската локација на инсталацијата по Националниот координатен систем на сите мерни точки).

6.1.2 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2. на точките на емисија и фреквенции наведени во Табелата. Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат надминати за време на важноста на оваа Дозвола.

| **Табела 6.1.1 : Главни емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Главни извори на емисија** | | |
| **Ознака на точка на емисија / опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| A1-1 | Испуст од котел ДБК 100 | E: 564041,58<br>N: 4619041,58 |
| A1-1 | Испуст од котел БКГ 80 | E: 564041,58<br>N: 4619041,58 |
| A1-2 | Испуст од котел БКГ 50 | E: 564064,59<br>N: 4619109,23 |
| A1-3 | Испуст од термогрејач со минерално масло во рафинерија – термопак 600У | E: 563933<br>N: 4619082 |

6.1.3 Граничните вредности на емисиите во амбиентниот воздух во оваа

**Табела 6.1.2 Граници на емисиите во воздух**

| Параметри | Ознака на точка на емисија | | | | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|
| | Котли на мазут | | | | |
| | А1-1 Котел ДБК-100 | | А1-2 Котел БКГ- 50 | | |
| | 3 % волуменски удел на $O_2$ | | 3 % волуменски удел на $O_2$ | | |
| CO | 170 mg/m³ | | 170 mg/m³ | | Еднаш годишно / согласно услов 6.1.2 за сите наведени параметри |
| $SO_2$ | 1700 mg/m³ | | 1700 mg/m³ | | |
| NOx | 350 mg/m³ | | 350 mg/m³ | | |
| Прашина | 100 mg/m³ | | 100 mg/m³ | | |
| Гасовити неоргански соединенија на флуор изразени како HF | 5 mg/m³ | | 5 mg/m³ | | |
| Гасовити неоргански соединенија на хлор изразени како HCl | 30 mg/m³ | | 30 mg/m³ | | |
| **Параметри** | **Котел на сонч. пелети** | | **Термогрејач** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **А1-1 Котел БКГ- 80** | | **А1-3 Грејач со минерално масло (Термекс) 600У** | | |
| | 11 % волуменски удел на $O_2$ | | 3 % волуменски удел на $O_2$ | | |
| CO | 250 mg/m³ | | 170 mg/m³ | | Еднаш годишно / или согласно услов 6.1.2 за сите наведени параметри |
| $SO_2$ | / | | 1700 mg/m³ | | |
| $NO_x$ | 500 mg/m³ | | 350 mg/m³ | | |
| Прашина | 50 mg/m³ | | 100 mg/m³ | | |
| Органски супстанции изразени како вкупен јаглерод | 50 mg/m³ | / | / | | |
| HF | / | | 5 mg/m³ | | |
| Гасовити соединенија на хлор изразени како HCl | / | | 30mg/m³ | | |

6.1.4 Емисиите кои потекнуваат од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад. Ако емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови, а операторот е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Табела 6.4.2: Гранични вредности на емисија во канализација**

| Мерен параметар | Точка на емисија<br>W-1 отпадна вода/главен канал<br>X: 7564462,7 Y:4619999,0<br>E: 564001 N: 4619120.25 | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|
| Температура (°C) | 40 | еднаш годишно за сите наведени параметри (согласно табела 2 од Прилог 1 од Правилникот) |
| pH | 6,5-9,5 | |
| Талог (ml/l) | 20 | |
| БПК (mg/l) | 250 | |
| ХПК (mg/l) | 700 | |
| Тешкоразградливи липофилни честички (mg/l) | 50 | |
| Адсорбилни органски халогени изразени како Cl (mg/l) | 0,5 | |
| Хлор слободен изразен како $Cl_2$ (mg/l) | 0,5 | |
| Хлор вкупен изразен како $Cl_2$ (mg/l) | 0,5 | |
| Сулфиди (mg/l) | 2,0 | |

6.4.3 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата, на било која супстанција пропишана за вода во која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.4.4 Операторот нема да дозволи испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета или да имаат влијание на живиот и растителниот свет кои преку каналот за отпадни води т.н "Топилничка канализација" се вливаат во река Вардар.

6.4.5 Операторот е должен редовно да ја одржува исправноста на системот за третман на отпадни води преку замена на постари пумпи и сепаратори за масло со нови, редовно чистење на таложниците /флотаторите, на каналите за собирање на отпадни води низ локацијата и да не дозволи нивно заполнување со отпад и други примеси.

6.4.6 Операторот ќе постапува со должно внимание и ќе спречи било какво неконтролирано истекување од системите, постројките, резервоарите, цевоводите низ инсталацијата во блиската околина и во каналот за отпадни води.

6.4.7 По предавање на т.н "Топилничка канализација" на управување од страна на општината на овластен оператор, а во која се влеваат отпадните води од инсталацијата, операторот согласно склучениот Договор за испуштање на отпадните води со операторот на системот ќе ги почитува граничните вредности на параметрите во канализација кои ќе бидат пропишани во договорот и истите стануваат составен дел на оваа дозвола. Во овој случај граничните вредности од табела 6.4.2 престануваат да важат.

| Табела 6.4.3а Барања за мониторинг за канализација (се до и вклучувајќи_____________) | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| | Наведи ја фреквенцијата и начинот | - |
| | | |

| Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација (од_____________) | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| | | - |
| | | |

**6.5 Емисии на топлина**

/

**6.6 Емисии на бучава и вибрации**

6.6.1 Емисиите на бучавата во животната средина нема да ја надминат границата утврдена во табела 6.6.1.

| Табела 6.6.1: Граници на ниво на бучава во животна средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија**<br>**ММ 1** - 4619229,5 N 564031,5 E<br>**ММ 2** - 4619128,2 N 564080,7 E<br>**ММ 3** - 4619003,0 N 563849,0 E<br>**ММ 4** - 4619093,0 N 563847,1 E | | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Бучава** | Ld (dBA) | / | Ln (dBA) | / | Условно (при жалби од јавноста запишани во дневник на жалби согласно услов 3.1.8) |
| | 60 | / | 55 | / | |

6.6.2 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.3 Бучавата од технички поврзаните погони нема да пробива надвор од инсталацијата.

6.6.4 Интензитетот на бучава во животната средина што се создава од работата на машините и опремата во рамките на технолошкиот процес ќе биде во рамките на Максимално дозволеното ниво пропишано во табела 6.6.1.

6.6.5 Операторот во континуитет ќе се грижи за стабилноста на опремата (вентилација, компресори, пумпи и сл.), изолационите подлоги за ублажување на евентуалното вибрирање на машините и истите редовно ќе ги подмачкува, за да се исклучи можноста за зголемување на осцилациите на истата и предизвикување на вибрации.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1.1 Сите води од локацијата на ПИ "КРИСТАЛ 1923" АД Велес, се слеваат во главниот канал т.н "Топилничка канализација" кој завршува во река Вардар.

7.1.2 Отпадните води од погонот Екстракција минуваат низ сепаратор/флотатор и преку атмосферска канализација се испуштаат во главниот канал.

7.1.3 Во погонот рафинерија водите од неутрализација на маслото со NaOH (натриум хидроксид) се третираат во флотатор, се наутрализираат, водат до тростепен таложник, а потоа во главниот канал.

7.1.4 Водите од перење на филтер платната, од цепење на сапуни и од дезодоризацијата се упатуваат кон тростепен таложник, а потоа во главниот канал.

7.1.5 Отпадна вода од процесот на производство на маргарин не се генерира, освен од перењето на просториите и опремата. Таа отпадна вода поминува низ флотатор, па се упатува кон тростепен таложник и завршува во главниот канал.

7.1.6 Отпадните води од одмилување на котлите во котларницата се испуштаат директно во главниот канал независно од W-1. Водите од регенерација минуваат низ таложник и се испуштаат во главен канал.

7.1.7 Санитарните води се испуштаат во главниот канал за отпадни води.

7.1.8 Атмосферските води од развиената каналска мрежа за атмосферски води во најголем дел се испуштаат во главниот канал.

7.1.9 Операторот е должен да врши редовна контрола и следење на параметрите во отпадна вода по третман во тростепениот таложник и доколку се појават отстапувања од граничните вредности на емисии (ГВЕ), операторот е должен да превземе мерки за сведување на отпадните води во рамките на пропишаните ГВЕ.

7.1.10 По предавање на т.н "Топилничка канализација" на управување од страна на општината на овластен оператор, а во која се влеваат отпадните води од инсталацијата, операторот е должен да склучи Договор за испуштање на отпадните води со операторот на системот.

# 8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС



| Табела 8.1.1 : Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 8.1 | **8.1.1 Подобрување на работата во котларницата преку:**<br>**- Реконструкција на котелот БКГ 50 со вградување на нов бренер** | **Завршено во тек на постапка за добивање на дозволата и поткрепено со Технички извештај** |
| | **-Вградување на систем за звучна сигнализација при алармантни состојби со парниот котел** | **31.05.2022г.** |
| | **- Реконструкција на котел БКГ 80 со можна замена на котелот (опционално)** | **Се до завршување на реконструкцијата, котелот не е во функција** |
| | **-Инсталирање на нов бренер на котелот ДБК 100 со ниска содржина на NOx** | **Завршено во тек на постапка за добивање на Дозволата** |
| 8.2 | **Изградба на Нова рафинарија/Замена на старата технологија со нова во процесот на рафинирање на масло**<br>**- добивање на градежна дозвола**<br>**- инсталирање на опрема**<br>**- инсталирање на разладна кула** | **31.12.2024** |
| 8.3 | **Предавање на стари складирани отпадни хемикали на овластен постапувач согласно Законот за управување со отпад во делот за постапување со опасен отпад** | **31.05.2022г.** |
| 8.4 | **Заштита на надземните инсталации заради намалување на губитоци на топлина при пренос на водена пареа која поминува низ инсталациите** | **31.12. 2022г.** |
| 8.5 | **Изготвување на План за управување со животната средина** | **31.12.2022г.** |
| 8.6 | **Изготвување на План за спречување и контрола на хаварии/несакани дејствија** | **31.05.2022г.** |
| 8.7 | **Изготвување на План за запирање и управување со резидуи (ПЗУР) со вграден План за ремедијација на земјиштето/локацијата** | **три месеци пред датумот од планираниот престанок со работа** |

| | | |
|---|---|---|
| 8.8 | **Засадување на дрвенасти растенија во дворната површина** | **31.12.2022г.** |
| 8.9 | **Склучување на Договор за вршење на услуга за собирање и одведување на отпадните води од инсталацијата со Операторот на канализациониот систем** | **По создавње на услови за склучување на Договор со Оператор (предавање на Топилничката канализација од страна на општината на овластен оператор)** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството "или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а. Операторот ќе достави до надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

б. Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

а) Материјална промена или зголемување на:

- Природата или количината на било која емисија;
- Системите за намалување/третман или преработка;
- Опсег на процесите што се изведуваат;
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

б) било каква промена на:

- Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание;
- Набавувачите кои би имале влијание врз животната средина;

Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

- ☐ Име на операторот.
- ☐ Број на дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
  - ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
  - ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
  - ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

| | |
|---|---|
| ☐ Име | ☐ Пошта................................ |
| ☐ Потпис | ☐ Датум |

- ☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

**Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот**

| **Извештај** | **Параметар/ Точка на емисија** | **Точка на емисија** | **Фреквенција на извештајот** | **Датум на поднесување на извештајот** |
|---|---|---|---|---|
| **Мониторинг на воздух** Од котли на мазут | CO, $NO_X$, $SO_2$, прашина, гасовити неоргански соединенија на флуор HF, гасовити неоргански соединенија на хлор изразени како HCl | A1-1 Котел ДБК-100 и A1-2 Котел БКГ- 50 | Еднаш годишно | 28 февруари во тековната година за извештај од претходната година |
| **Мониторинг на воздух** од котли на сончогледови пелети | CO, $NO_X$, прашина, органски супстанци изразени како вкупен јаглерод | A1-1 Котел БКГ-80 | Еднаш годишно (условно зависно од пуштањето на котелот во работа) | 28 февруари во тековната година за извештај од претходната година |
| **Мониторинг на воздух** термограјач (грејач со менерално масло) | CO, $NO_X$, $SO_2$ , прашина гасовити неоргански соединенија на флуор HF, гасовити неоргански соединенија на хлор изразени како HCl | A1-3 Грејач со менерално масло (Термекс) 600У | Еднаш годишно | 28 февруари во тековната година за извештај од претходната година |
| **Отпадна вода по тростепен таложник – W-1** | Температура,pH<br>Талог, БПК, ХПК<br>Тешкоразградливи липофилни честички,<br>Адсорбилни органски халогени изразени како Cl,<br>Хлор слободен изразен како $Cl_2$,<br>Хлор вкупен изразен како $Cl_2$<br>Сулфиди | W-1 | Еднаш годишно | 28 февруари во тековната година за извештај од претходната година |
| **Контрола над бунарите за вода која се користи за технички потреби** | Подземна вода | ЕБ1<br>ЕБ2 | Согласно условите пропишани во Дозволата | Согласно условите пропишани во Дозволата за користење на вода за технички потреби |
| **Бучава** | Емисии на бучава на граници на инсталацијата | ММ 1, ММ 2, ММ 3 и ММ 4 | Условно, при евидентирани жалби | / |